Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## WND DUO ATOM

Ретко имаме можност да видиме навистина иновативен мобилен телефон и технологија, кои не доаѓаат од "големите играчи" во мобилната индустрија. Имено, компанијата "WND Telecom" го претстави својот нов телефон, моделот DUO Atom, кој може да прими 2 SIM картички, кои можат да се користат истовремено со едноставно ротирање на телефонот за 180 степени. Благодарение на гравитациониот сензор, со ротирање на телефонот за 180 степени, се менува дисплејот, и која SIM картичка е во функција. Ваквото фантастично дизајнерско и технолошко решение му овозможува на новиот DUO Atom менување на мобилните акаунти (SIM), со едноставно ротирање на телефонот.



Покрај стандардните карактеристики, мораме да ја издвоиме уникатната touchpad апликација, која овозможува ротација на дисплејот и на тастатурата, со што на мошне едноставен начин е решен пристапот до "двата телефона".

Навистина нема што повеќе да се додаде, освен едно големо браво за дизајнерите и за нивната визија.

## NOKIA 6555

Nokia 6555 е модел на преклопување, кој има два дисплеја. Внатрешниот е со големина од 240 x 320 пиксели и прикажува 16 милиони бои, додека секундарниот (надворешен) е со големина од 128 x 160 пиксели. Вградената камера не е ништо спектакуларно, односно фотографиите се со големина од 1,3 мегапиксели, а интерната меморија од 30 MV може да се прошири и со microSD картичка, до максимални 4GB. И во поглед на останатите функции, Nokia 6555 не отскокнува со некои посебни карактеристики, освен стандардната присутност на Bluetooth конективноста, USB приклучок, GPRS, EDGE и UMTS.

Како модел кој ги исполнува основните функции, со нагласениот "fashion" дизајн, се очекува да ги таргетира, пред сè, припадничките на понежниот пол.



